


# НОВА ИСКРА

## МАРКСИСТИЧКИ ГЛАС НА РАБОТНИЦИТЕ И МЛАДИНАТА

**Година I - број 3** | |СЕПТЕМВРИ - НОЕМВРИ 2021 | | ©издава *Марксистичка организација „Црвени“*

## ИМПРЕСУМ

НОВА ИСКРА

*марксистичко списание за работници и младина*

**Издава:**

Марксистичка организација „Црвени“

**Контакт:**

mo.crveni.mk@gmail.com
ФБ: @novaiskra.page

075/520-508
075/629-809

http://novaiskra.mk/

# ЗА НАС

Марксистичката организација „Црвени“ е југословенска организација на работници и студенти собрани околу идеите за марксизмот. Нашата цел е да изградиме работничка партија, со комунистичка агенда за воспоставување власт на работничката класа, што го сочинува огромното мнозинство од населението на секое модерно општество. Црвените имаат два официјални билтени: списанието „Црвена критика“, на српско-хрватски, и веб-страницата „Нова искра“, на македонски. Во моментов имаме филијали во Босна и Херцеговина, Србија и Македонија.

Граѓанските теоретичари на либерална и конзервативна определба, од кои многумина беа „комунисти“ до вчера, со години нè убедуваат дека марксизмот е надминат и дека слободниот пазар нема алтернатива. Тие главно го наведуваат распаѓањето на Советскиот Сојуз и другите сталинистички држави како примери. Во реалноста, колапсот на земјите од Источниот блок и слични држави не значи дискредитирање на социјализмот, туку пропаѓање на деформираните работнички држави, банкротот на сталинистичките режими чие бирократско раководство го фалсификуваше марксизмот и идеите на Маркс, Енгелс и Ленин со цел да ја извадат моќта од рацете на работниците.

Изворните идеи и практики на комунизмот не се спротивставуваат на демократското одлучување. Напротив, комунизмот може да успее само ако произлезе од најдемократскиот облик на управување – од демократијата на работниците, демократија што почива врз моќта на работничките совети. Нашата цел е да го реафирмираме марксизмот како единствена соодветна алатка за критичен и научен пристап за објаснување и решавање на неодложните социјални проблеми. Капитализмот се покажа како непријател на човештвото и околината, во која слободите на човечките суштества се жртвуваат на слободниот пазар и кој не знае други социјални интереси освен интересите на мал број сопственици на крупниот капитал. Од секојдневниот живот јасно се заклучува дека во капитализмот, огромното мнозинство го следи само мизерија и ропство на „работодавците“ заради обичен опстанок. Нема причина секој работен човек да се согласи на такво нешто.

**ПОИНАКВО ОПШТЕСТВО Е МОЖНО И НЕОПХОДНО!**

# СОДРЖИНА

ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2021 – ЛИЗГАВ ТЕРЕН ЗА ВЛАДЕЈАЧКИТЕ ПАРТИИ 4

ЗДРАВСТВОТО СИСТЕМСКИ ПРОПАЃА! 12

СЛОВЕНИЈА: НА ДНЕВЕН РЕД Е ЗАОСТРУВАЊЕ НА КЛАСНАТА БОРБА 19

АВГАНИСТАН: ИМПЕРИЈАЛИСТИТЕ РОНАТ КРОКОДИЛСКИ СОЛЗИ ДОДЕКА БЕГАЛЦИТЕ СТРАДААТ 24

## ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2021 – ЛИЗГАВ ТЕРЕН ЗА ВЛАДЕЈАЧКИТЕ ПАРТИИ

*Локалните избори коишто се најавени за 17 октомври 2021 година ќе бидат досега најинтересните и најспецифични локални избори во историјата на капиталистичка Македонија. Секако, не очекуваме дека ќе се случат некакви тектонски поместувања или големи промени, но околностите во предвечерието на изборите ни сугерираат дека работите не одат по волјата на владејачките партии (СДСМ и ДУИ), ниту пак дека најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ ќе успее да капитализира од се` понагласеното незадоволство од владеењето на СДСМ и ДУИ. Незадоволството најјасно се изразува преку досега најголемиот број на пријавени независни граѓански листи, што со сигурност ќе предизвикаат непријатност, пред се` кај власта, но и кај опозицијата. Кои се причините кои доведоа до ваква ситуација и што можеме да очекуваме од претстојните локални избори?*

### Нестабилност во владејачките редови

За да го сфатиме подобро контекстот на овие избори ќе се вратиме малку на претходните локални избори во 2017 година. Тогаш, нецела година по парламентарните избори во 2016 година и непосредно по формирањето на новото парламентарно мнозинство предводено од СДСМ, се одржаа локалните избори. СДСМ, на крилјата на освоената власт на централно ниво, влезе во изборна трка во која ветуваше премногу и со тоа ги подигна очекувањата и на неутралните гласачи и на верната партиска база. СДСМ вети дека ќе донесе благосостојба на локално ниво, функционални институции, хуманизација на јавниот простор, нови зелени површини, рамномерен развој, раскрстување со непотизмот при вработувањата на локално ниво, борба против урбана мафија, подигнување на квалитетот на воздухот. Сето ова беше предочено во многу локални проекти кои за многу гласачи делуваа отстварливи. ВМРО-ДПМНЕ по губењето на централната власт беше тотално делегитимирано и со сериозен пад на поддршката. По долги години на практикување на власта на локално ниво од страна на ВМРО-ДПМНЕ (во некои општини по 8 или дури 12 години) желбата за промена и на локално ниво беше голема, особено што ВМРО-ДПМНЕ одигра улога на посветен партнер на урбаната мафија и унакази многу урбани средини (пред се` главниот град со мегаломанскиот проект Скопје 2014). ВМРО-ДПМНЕ владееше на локално ниво, исто како што владееше на централно ниво, авторитарно и во интерес на крупниот капитал наспроти потребите на локалните заедници.

Во една ваква ситуација, СДСМ однесе огромна победа на локалните избори 2017 година (освоија 56 општини плус градот Скопје од вкупно 80 низ државата) и со несебична поддршка му овозможија на ДУИ да освои 10 општини. ВМРО-ДПМНЕ доживеа фијаско, со само 5 освоени општини, главно рурални мали општини со исклучок на Кавадарци. Во превод, речиси сите локални самоуправи паднаа во рацете на владејачката коалиција. По оваа голема победа, пополека почна да завршува медениот месец за владејачката СДСМ.

Како што веќе споменавме, големите ветувања донесоа големи очекувања што многу лесно можеа да бидат изневерени. Новите локални власти продолжија со старите практики на владеење. Непотизмот и партиските вработувања продолжија, спрегата со урбаната мафија никогаш не престана, а многуте ветени локални проекти по општините останаа само на хартија, додека многу други беа само делумно




**Премиерот Зоран Заев на митинг, извор: centar.mk**

и половично реализирани. На големо разочарување на големото мнозинство обични луѓе, статус квото остана, со мали козметички промени кои не го подобрија квалитетот на живот на мнозинството. Сето ова беше пропратено со скандали на локални фунционери - поранешниот градоначалник на Општина Ново Село беше уапсен и кривично гонет поради шверц, градоначалникот на Шуто Оризари тепаше граѓани во неговата канцеларија, локални функционери вршеа притисоци врз вработени за време на референдумската кампања во 2018 година. Секако, ова се само некои од примерите на самоволие и аздисаност на локални функционери.

Системот на локално ниво е само слика и прилика на системот на централно ниво, особено што финансиите на локалната самоуправа во голема мера зависат од удоволувањето на интересите на урбаната мафија (надоместоци и такси за градење и сл.). Илузорно е да веруваме дека систем што е создаден да служи на интересите на крупниот капитал може драстично различно да се практикува на локално ниво.

Соочени со една ваква ситуација и имајќи ги предвид новите околности, СДСМ не можат да се надеваат дека ќе го повторат изборниот резултат од 2017 година. Поточно би било да се каже дека нема да бидат ни блиску до тој резултат. Со цел барем малку да го исперат образот, се впуштија во масовни градежни зафати, реконструкција на улици и булевари, отворање градинки и слични активности во последните два-три месеци од мандатот на локалните самоуправи. Ова е провидна тактика „барем се гради" што е досега видена повеќе пати во предизборни кампањи и истата тешко поминува дури и кај оние најнаивните. Оваа тактика служи за да се одвлечи внимание од проблемите и да се создаде илузија за некаков успех, во недостаток на континуирана и планска работа во текот на целиот мандат.

СДСМ оправдано стравува од губење на моќта во локалните самоуправи. Затоа на два месеци пред избори се обиде да направи шверцерски измени на изборниот законик, чија цел беше значително да го отежнат учеството

на граѓанските листи на локални избори, подигајќи го прагот за собирање на потписи потребни за учество на изборите на 2% од вкупниот број на избирачи во дадената општина и град Скопје. Старото законско решение предвидуваше фиксен број на собрани потписи во зависност од големината на Општината и истото е релативно лесно отстварливо за граѓанските иницијативи. Имајќи ја во предвид сложената бирократска процедура (давање потпис во подрачна канцеларија на ДИК што може да е оддалечена повеќе километри од нечие живеалиште, временскиот рок од 14 дена за собирање на потписите, периодот на летни одмори) беше речиси неверојатно некоја граѓанска иницијатива да собере толку многу потписи. Како на пример, со новите измени се предвидуваше собирање на над 8000 потписи за кандидирање на листа во град Скопје, над 1600 потписи за листа во Општина Битола, а според резултатите од претходните изборни циклуси советник во Скопје се освојува со околу 5500 гласови, а во Битола со околу 1400-1500 гласови. Овие измени наидоа на жестока реакција кај граѓанските иницијативи и активисти што претходно најавија учество на изборите и власта се најде под силен притисок. Во тие моменти партијата Левица поднесе над 700 амандмани за да ги блокира измените и новото законско решение не се усвои во Собранието. Не треба да веруваме дека Левица го повлече овој потег од некакви демократски или плурални мотиви, туку беше принудена да реагира за во очите на многу гласачи да го задржи имиџот на „бунтовна" партија која се бори против елитите, со цел да задржи дел од оние „протестни" гласови кои ги освојува, а кои можат да завршат на конто на независните кандидати. Прилично сме сигурни дека овој потег ќе биде наголемо користен од Левица во нивниот предизборен герила маркетинг.

Проблемите за владејачката коалиција не запреа со неависните листи. Се пожестоки станаа бранувањата внатре во редовите на СДСМ, како незадоволство од процесите за избор на кандидати за градоначалници. Во најголемата општина во државата, Куманово сегашниот градоначалник Максим Димитриевски најави самостојна кандидатура поткрепена со независна листа, кога стана јасно дека неговата матична партија нема да го кандидира, а намерно одолговлекува до последен момент да објави кандидат за Куманово, за Максим да не може да собери потписи во законски предвидениот рок. Сепак, тој ја надитри партијата и објави собирање на потписи 5 дена пред истекот на крајниот рок. Димитриевски ги собра потребните потписи за помалку од еден ден, а неговата матична партија најави дека тој ќе биде исклучен на наредна седница на Централен Одбор, веднаш штом го објави својот кандидат. Според некои неофицијални информации Максим Димитриевски стоел најдобро на внатрешните анкети, но сепак не ја добил довербата. Со ова Куманово, најголема општина и бастион на СДСМ, која остана во нивни раце и во време на најголема моќ на ВМРО-ДПМНЕ ризикува по 30 години да биде загубена, што за нив би било фијаско.

Ваквите тенденции го отсликуваат обидот на партијата да се пресмета со неподобни и непослушни елементи од една страна, како и обидот на структури кои се незадоволни од раководството да задржат локална моќ и привилегии од друга страна. Покрај овој пример, во Радовиш членови на СДСМ излегоа на протест и палеа партиски книшки во знак на револт што сегашниот градоначалник Герасим Конзулов не доби шанса за втор мандат. Во Охрид и Дебрца, членови на СДСМ најавија свои независни кандидатури на локални избори. Како капак на се`, владините партнери ЛДП и ДОМ најавија самостоен изборен настапи и промовираа ново либерално движење на политичкиот центар, што во иднина би можело да се испроба и на централно ниво. Овие две партии не тежат премногу гласови, но тежат доволно за во некои општини да откинат советници кои можат да бидат клучни за формирање за мнозинства, особено ако се земе предвид фактот дека ЛДП е една од најстарите партии во историјата на македонскиот буржоаски плурализам и има поголема поддршка од другите мали коалициски партнери на СДСМ. Од се` досега изнесено, изгледа дека претстојат уште многу главоболки и тешки моменти за владејачката коалиција.



Лидерот на опозицијата Кристијан Мицковски на митинг

**Опозициски предизборни надежи – можна ли е опозициска победа?**

Најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ е охрабрена од земјотресите и расситнувањата во владината коалиција и ги подгрева надежите кај своите поддржувачи и оние незадоволните дека е возможно да се случат промени на овие избори и падот на власта да започне од локално ниво. Лидерот на партијата Мицкоски, најавува дека ќе понуди кадри кои се свежи, чесни и нови и најавува историски револуционерна програма, полна со проекти во интерес на граѓаните, транспарентни и отчетни локални самоуправи и еко-здрави средини. Но сепак и покрај овој оптимизам кој се обидуваат да го шират, реалните можности за таков успех и не се толку големи. За ова постојат неколку причини.

Прво, мнозинството од народот се` уште гледа со задршка кон ВМРО-ДПМНЕ од повеќе причини. Имено, долгогодишното владеење на ДПМНЕ на локално и централно ниво е свежо во сеќавањето на многумина по рекордна загаденост на воздухот, лесно издавање маркици за градење на моќници, носење и промена на ДУП-ови во корист на урбаната мафија, тотален непотизам и деградација на јавните добра и институции. ВМРО-ДПМНЕ не остава впечаток дека ќе ги искорени старите практики на владеење, особено затоа што таа е една типична конзервативна буржоаска партија што владееше во интерес на капиталот. Второ, постои еден јасен тренд во последните 30 години што посочува дека оној кој ги организира локалните избори од позиција на централна власт, победува на истите. Така беше на сите циклуси на локални избори досега. Иако за волја на вистината,

локалните избори може да покажат тренд на свртување на расположението особено ако дел од најголемите градови и општини паднат во опозициски раце и тоа може да се ефектуира на наредни парламентарни избори. Но сепак, историјата вели дека власта е таа којашто освојува поголем број на општини и советнички места.

Покрај се` ова, потезите на раководството на ДПМНЕ не делуваат баш убедливо и победнички. Во град Скопје, немаат отворено свој кандидат па решаваат да се кријат позади „независна" кандидатура на Данела Арсовска – претседателка на капиталистичката комора во надеж дека ќе успеат да пробијат кај неопределени гласачи кои не се нужно десно ориентирани, нудејќи кандидат – технократ. Ова е и во насока на тргање на националистичкиот имиџ од партијата, бидејќи реалноста вели дека за да се добијат овие избори, не се доволни само тврдите гласачи на ДПМНЕ. ДПМНЕ е позната по тоа што знае да осцилира помеѓу национализмот и технократијата, во зависност од дневните потреби. Во општина Центар (најбогата и најурбана општина во главниот град и една од најважните во државата) ДПМНЕ не сака да „изгори" свој човек и поддржува кандидатура на помал коалиционен партнер, што на некој начин значи однапред признавање на поразот. ДПМНЕ тактизираше со објавата на имињата на кандидатите во најголемите и најбитни општини (Битола, Аеродром, Карпош, Струмица) на само неколку дена пред истекот на крајниот рок за предавање на листите во ДИК.

Уште една важна работа во прилог на фактот дека ВМРО-ДПМНЕ не е така сигурно во својот резултат се константните апели на лидерот Мицкоски кон раководството на Левица за предизборна поддршка. Мицкоски го повика раководството на Левица да дадат поддршка за кандидатите за градоначалници на ВМРО уште



**активистите на „Левица" пред црква со знамиња од сонцето од Вергина**

во прв круг (бидејќи Левица нема да истакне многу кандидати за градоначалници), а за возврат ВМРО би ги поддржало оние кандидати на Левица кои би се пласирале во втор круг, ако таму ВМРО нема свои кандидати. Откако беше дрско одбиен од лидерот на Левица, Мицкоски прво изрази жалење, за потоа да упати директен апел до гласачите и базата на Левица за поддршка на ВМРО-ДПМНЕ, проследено со ветувањето за поддршка на кандидатите на Левица во втор круг. Со овој потег, кој личи на помалку очаен обид за опозициско окрупнување, Мицкоски успеа да ги подигне акциите на Левица и да ги прикаже како релевантен опозициски фактор.

Она што е јасно е дека ВМРО-ДПМНЕ нема да доживее фијаско како на минатите избори и значително ќе го подобри својот изборен резултат, во број на освоени градоначалници и општински совети. Она што останува под знак прашање е дали крајниот резултат ќе биде доволен за да се прогласи победа и да се бараат предвремени парламентарни избори за да се сруши власта. Од се` досега кажано, таа можност не изгледа баш отстварлива, барем не од оваа временска дистанца.

Уште еден важен момент на овие избори кај ВМРО-ДПМНЕ е тоа што за првпат во својата историја оди во предизборна коалиција со албански партии – албанската опозиција Алијанса за Албанците и Алтернатива. Постизборни коалиции за составување на влада се нешто вообичаено, но ова е нешто сосема ново кај ВМРО. Во превод, ова значи меѓусебна поддршка на кандидати за градоначалници уште во прв круг и неистакнување на кандидати од страна на ВМРО-ДПМНЕ места како Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар, а за возврат АА-А не би истакнувале кандидати во град Скопје, Куманово, Бутел и др. Коалицијата е најавена како историска и дефинитивен крај на коалицијата СДСМ-ДУИ. Секако СДСМ и ДУИ исто така најавија предизборна коалиција, нешто слично како во 2017 година. Оваа коалиција, како и кај ВМРО, дефинитивно ќе донесе ретерирање и од некои позиции на АА-А, кои ловат гласачи со етно-фолклор и евтин национализам. Секако, овие предизборни македонско-албански коалиции треба да ги разгледуваме од најважниот аспект. Најголемите партии во македонскиот блок СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ во последните години значително ја губат поддршката кај дел од своите традиционални македонски гласачи, па се приморани тој губиток да го надополнат со коалиции и соработки со албанските партии. Тоа е вистинската причина што се крие под превезот на мулти-етничност.

Политичката партија Левица на овие избори оди со 40 советнички листи и околу 10 кандидати за градоначалници. Согласно нивните најави, ќе освојат значителен број на советници и нивните советници ќе бидат клучни во спречување на штетните одлуки на штета на јавниот интерес. Кога го коментираме изборниот настап на Левица, треба да имаме во предвид дека тие обично не третираат теми од локално значење и немаат некоја врска со изворен грас-рутс активизам, што би било сосема типично за некаква левичарска партија, а тоа е да има длабоки врски со локални и грас-рутс иницијативи. Левица е пред се` фокусирана на „висока политика" и кокетирање со националните прашања, на моменти и ширење отворен шовинизам, а сето тоа за сметка на водење на работничка политика и запоставување на социјалните прашања. Левица веќе подолго време ги напушти изворните социјалистички позиции на коишто беше формирана и се одрекна од градење на социјалистички кадри и социјалистички политики и западна во замките на граѓанската (буржоаска) политика. Во недостаток на свои левичарски кадри на овие избори, Левица оди со „популарни и урбани ликови" во надеж да добие поддршка на изборите. Па така, во град Скопје, Левица оди со Петар Георгиевски – Камиказа, популарен басист и фронтмен на култната рок група Меморија, кој е прилично популарен кај повозрасните генерации. Она што е политички важно е дека се работи за десничар по убедување и претставник на бизнис заедницата – кој нема ништо заедничко со локални или работнички теми и проблематики. Сличен им е кандидатот и за градоначалник на Ѓорче Петров,

кој во свое обраќање најавува подобри услови за инвестирање во својата општина на странските и домашните капиталисти. Една социјалистичка партија ни на крај памет не би помислила да кандидира вакви кандидати, но за Левица каква што е сега идеите и интересот на работниците не се приоритет, приоритет е голата борба за глас повеќе што овозможува солидни финансии од буџет. Во другите општини каде кандидатите се објавени, Левица повторно не настапува со свои (социјалистички/левичарски) кадри, туку се води по принципот на избор на популарност, наместо избор на идеи. Иронично, иако партијата е парламентарна и располага со големи финансии и е прилично популарна (што во голема мера се должи на личната популарност на Димитар Апасиев), сепак партијата е кадровски и структурно доста слаба, скоро и да нема социјалисти во неа (повеќе социјалисти и комунисти има надвор од партијата, отколку во неа), а штабовите им служат повеќе како светлечки реклами и работат само кампањски, наместо да бидат места на кои во континуитет се создаваат социјалистички и работнички политики. Во времињата кога партијата беше вонпарламентарна и истата немаше финансии, пред да се случи нејзиното десно дегенерирање, имаше подобра структура и повеќе кадри кои беа подготвени да градат и водат социјалистички политики, без скратени патеки и без да се надеваат на инстант успех.

Јасно е дека партијата Левица ќе има одреден успех и ќе освои добра бројка на советници на изборите, но поради погрешните политики и ориентација, нејзините советници (од кои голем број ќе немаат допирна точка со идеите на социјализмот и левицата воопшто) комплетно ќе се изгубат во советите и на виделина ќе излезе нивната политичка празнотија и шупливост. На локално ниво, ќе им биде навистина тешко да се затскриваат зад ликот на Апасиев и лидерите на партијата.

## Независни листи како искра во мракот – можат ли да донесат промена?

Како што напоменавме на почетокот на овој текст, овие избори се специфични по



Зелен Хуман Град, извор:green-press.com

рекордно големиот број на независни кандидати за градоначалници и советници. Согласно податоците од ДИК доставени се вкупно 27 кандитатури за градоначалник и над 60 советнички листи, што е рекорд во изборната историја на Македонија. Уште една специфика е тоа што во сите поголеми градови и значајни општини постои независна листа што има шанси да ги загрози партиските математики и да донесе разноликост во општинските совети.

Напливот на независните листи е доказ дека постои објективно незадоволство коешто го бара својот канал за да се изрази. Некои од независните кандидати се стари и излитени кадри кои извисиле во внатрепартиските борби и сега се водат од своите лични интереси, додека пак други се долгогодишни искрени борци и активисти кои се борат за здрава животна средина и хумани јавни простори. Тука пред се` мислиме на Зелен хуман град, Подобро за Тетово, Независни за Карпош, Шанса за Центар, Стига Е и други листи. Овие активисти атакуваат на прогресивните гласачи, што со сигурност ќе ги помати сметките на владината коалиција. Она што е значајно да се спомене е дека добар дел од овие независни листи во поголемите урбани средини на претходните изборни циклуси даваа поддршка за партијата Левица, но сега исправно ја процениле дегенерацијата на партијата и неможноста преку неа да ги артикулираат своите ставови. Овие независни листи, застапувајќи интереси кои се блиски до обичниот човек, дефинитивно ќе бидат конкурент на Левица во борбата за освојување на дел од протестните гласачи кои се анти-елитистички настроени.

Овие искрени борци за многу брзо време од кога ќе станат дел од општинските совети, ќе се судрат со политичката реалност дека не можат да направат големи промени без да го најдат коренот на проблемот. Општините не се мали острови што функционираат независно од социоекономскиот систем. Пред овие борци и активисти ќе стојат две опции во иднина: да станат револуционери кои ќе се борат за рушење на стариот и градење на нов систем или пацификување и помирување со фактот дека ќе направат само ситни промени кои нема да го загрозат интересот на капиталот, ниту пак ќе го хуманизираат јавниот простор. Во секој случај, и покрај оправданиот критички тон и скептицизам, ние со благи симпатии гледаме на дел од независните иницијативи коишто се појавија. Со сигурност може да кажеме дека истите ќе го раздрмаат политичкото секојдневие и ќе предложат некои левичарски и прогресивни решенија на локално ниво. Колку ќе можат да отстварат од нивните замисли и колку далеку ќе можат да ги истуркаат нивните идеи, нема да зависи само од нив туку и од притисокот од долу и од мобилизаторскиот потенцијал на широките слоеви на населението.

## Потреба од вистинска алтернатива – за работничка партија против капитализмот!

И покрај сите овие специфики и интересни динамики во пресрет на локалните избори, едно е сосема јасно. Начинот на кој се води политиката нема значително да се промени, дури и да дојде до промени во персоналниот состав на советите и градоначалниците. Општините не се надвор од капиталистичкиот систем и мораат да функционираат по неговите правила. На локалните избори не постојат работнички кандидати и работничка партија, која ќе ги артикулира потребите на најголемиот дел од луѓето и што навистина ќе има сила, програма и масовна поддршка со структура да се спротистави на моќта на капиталот, како на локално, така и на централно ниво. Само работничка партија со социјалистичка програма може да обезбеди хумано живеење на локално ниво и општини коишто ќе работат во согласност со интересите на обичните и работни луѓе. Таква здрава масовна работничка партија ќе може да постави вистински решенија за проблемите и да отвори едно ново поглавје во живеењето.

Наша задача како комунисти е да посадиме никулци за изградба на таква партија!

*октомври 2021, Д.Л.*

# ЗДРАВСТВОТО СИСТЕМСКИ ПРОПАЃА!

„Здравствениот систем е пред колапс" - е изјава на која постојано наидуваме од видно огорчените пациенти, обични луѓе, работници, кои немаат можност да се лекуваат по миризливите приватни болници или во странските клиники, како што тоа го прави новобогаташката класа и нивната огорченост е исправна. Ако ја имаме во предвид реалноста на македонскиот работник, каде неговата плата е недоволна да се покријат основните животни потреби[1], тогаш лесно можеме да согледаме дека приватното лекување воопшто не е возможно за него, ниту пак е наменето за него. Идеологијата на капитализмот е длабоко навлезена и во здравствената сфера во нашето општество и веќе одамна здравјето на човекот не е основната вредност, напротив, како и со се` друго кое се раководи од логиката на капитализмот - водечката вредност е профитот и заработка од нарушеното здравје на луѓето.

Затоа сметаме дека е вредно да се повтори дека:

а) процесот на пропаѓање на јавното здравство е еднонасочен процес од распадот на југословенскиот здравствен систем;

б) не е точно дека целиот здравствен систем пропаѓа, од ова пропаѓање треба да се изземат некои ординации во секундарното здравство, како и приватните болници;

в) кризата со ковид-19 ги демистифицира и заостри разликите на државно-управуваното здравство со приватно-управуваното и ја докажа потребата од стабилно и капацитетно јавно здравство за управување со епидемии.

Со докажување на овие тези ќе се потрудиме да ги разобличиме контрадикциите, да го лоцираме коренот на проблемите и да понудиме алтернатива на веќе нормализираното ирационално во општеството.

1 - *Минималната плата изнесува 15194 ден. додека минималната потрошувачката кошничка од 34000 до 42000 ден*

**Короната го детронира здравството**

Македонија и Босна и Херцеговина наизменично си ги менуваат местата по бројот на умрени по жител од КОВИД-19 и дефинитивно се на прво место во Европа по смртност од вирусот. Ова несреќно парче земја на Балканот во изминатиот период од две години имаше мерки за сузбивање на заразата што не се разликуваа во голема мера од соседите или Западните држави. Но, процентот на починати од вирусот покажува дека сме најслаби во борбата со пандемијата.

Колку за потсетување, југословенските земји имаа искуство со инфективни болести, а во образовниот систем на инфектологијата се одвојуваше и се уште се одвојува барем двојно повеќе време од Западните колеги, а во минатото стручните лица вршеа обуки во афричките земји и поседуваат големо искуство.

Познат е фактот дека Југославија не така одамна во 1972 година одлучно се справи со вариола мајор (големите сипаници) кога изби последната европска епидемија на оваа смртносна зараза што убила околу 500 милиони луѓе во 20 век. При оваа епидемија се заразија 175 лица, од кои 35 починаа (значително помалку од прогнозата за смртоносност од 30%), а власта воведе воена состојба т.е. забрана на собири, свадби и свечености, задолжителен карантин во хотел со вооружена придружба и за неполн месец дена се вакцинираше целокупното население од 18 милиони. Заразата исчезна за два месеца. Ова искуство не само што беше пренесувано во докторската фела туку за оваа епидемија се сними филм „Вариола вера" којшто доживеа успех и голема гледаност.

Затоа вреди да се прашаме како дозволивме од таква егземпларна епидемиологија и организација на здравството да бидеме први по неспремност и недоследност во справувањето со КОВИД-19. Кој и што е причинителот?

Првата причина е системското и систематско деградирање и рушење на јавното здравство за сметка на приватното. Политиките




Венко Филипче и Никола Тодоров, извор: slobodenpecat.mk

на сите министри за здравство во последните 20 години постојано беа насочена кон децентрализација и ***приватизација на здравството***. Никаков исклучок не претставува ниту сегашниот министер Венко Филипче, напротив, тој патем беше и советник на поранешниот министер Тодоров во владата на ВМРО ДПМНЕ. Ова е битно да се истакне за да се укаже на константноста и континуираноста на истата политика на сите „различни" влади во минатите две децении, тие се разликуваат според формата, имињата на личностите и составот на партиите, но суштината и тенденцијата им останува иста - што поголема децентрализација и приватизација на здравството.

Имено, таков е случајот и со сегашниот министер Венко Филипче, којшто претставува продолжение и дореализација на политичката агенда за приватизација на здравствениот сектор. Тој и беше избран за министер за здравство не поради неговите лекарски креденции (кои воопшто не ги спориме), туку како што објаснуваше Заев дека „довербата на министерот му ја дава затоа што верува дека тој има ***визија за реформите***...". Таа визија многу бргу беше обзнанета - ***јавно-приватно*** партнерство за поголемите болници и здравствени установи (оние кои можат да носат профит) и затворање/одумирање на помалите здравствени установи - оние од кои не може да се извлече профит. Тогаш, синдикатот на вработените во универзитетските клиники излезе со реакција во која одлично ја детектираа вистинската смисла на „визијата" на министерот.

„И на Синдикатот на клинички центар и на јавноста добро им е познато значењето и улогата на јавното-приватно партнерство и правата на вработените во таквите 'јавно'-приватни партнерства. Истото се однесува и за правата на пациентите во таквите ***'јавно' приватни болници***, каде ***главниот интерес на новите 'јавно' приватни газди е исклучиво и единствено профитот".***

И, кога веќе наголемо се подготвуваше теренот за приватизација на јавното здравство со изработени физибилити студии за тоа кои сектори би можеле да бидат профитабилни за

приватниот сектор - ***изби глобалната пандемија на SARS-CoV-2***. Јавното здравство го дочека избивањето на пандемијата целосно запуштено, без никаква развојна идеја, напротив, свесно и со намера оставено да пропаѓа со цел негова полесна транзиција кон планираната приватизација.

Во дадената ситуација Владата беше приморана целосно да го смени курсот и да се откаже (барем привремено) од долготрајното трасирање на приватизацијата на јавното здравство. Сепак, деценискиот уништувачки однос си го зеде данокот и го направи јавното здравство од институција достојна за гордост, до институција која не може ефикасно и ефективно да ги сервисира секојдневните здравствени проблеми на граѓаните, а камоли успешно да се избори со глобална пандемија од типот на SARS-CoV-2.

**Управувањето со пандемијата**

Управувањето со пандемијата во Македонија, а со тоа и најголемата одговорност за „успешноста" во справувањето со истата ја сноси Министерството за здравство (и министерот Венко Филипче) и Комисијата за заразни болести (со претседателот проф. Миле Босилковски). Мерките што државата ги презеде во изминатиот период неколку пати се виде дека не се под директна препорака на стручните лица, туку се некоја мешавина од нивните препораки и желбите на „јавноста", односно калкулација помеѓу она што е научна препорака и она што е политички опортуно за владата. Така имавме ситуации кога во средина на ширење на заразата владата ги укина сите епидемилошки мерки за да се прославуваат групно верски празници. Дополнително, повеќето од мерките кои ги носеше Владата беа мошне задоцнети, односно, беа носени кога ситуацијата веќе беше излезена од контрола. Наместо да превенира Владата калкулираше. Со ваквиот политикантски и неодговорен однос тие придонесоа уште повеќе да се срози авторитетот на здравствените препораки и да се релативизира сериозноста на ситуацијата.

Корона-вирусот кој хара низ светот и низ Македонија можеше да се спречи? Во секој чекор од кризата можеше подобро да се интервенира за да се намали стапката на смртност и стапката на заразност.

Владата, исто така, претставуваше продолжена рака на бизнис интересите, или како што тие милуваат да кажат „работат за добробит на економијата". Се разбира под економија тие не подразбираат добробит за населението туку на малкуте олигарси и странските компании. Капиталистите се вистинските управувачи на економијата и тие не дозволија научните и хуманите аспекти да преовладеат. Капитализмот не може да биде хуман, ***но корона кризата ги испумпа парите од работничката класа кон банкарскиот и фармацевтскиот сектор***, кои бележат зголемени профити што со право можат да се наречат воено профитери. (пр. Стопанска банка ги има зголемено профитите во 2020 година за 17.5 % во однос на претходната година).

Дополнително, еден од големите проблеми што се накалеми со корона кризата во Македонија е и пренамената на одделенија од Универзитетскиот клинички центар во Скопје во ковид центри. Кардиологија не примаше пациенти, радиологија одложуваше снимања, неврологија и ОРЛ наместо со пациенти од неврolошки или болести на око, грло, уво се претворија во ***полупрофесионални ковид центри***. Оправдувањето дека доводот на кислород е клучен е недоволно и единствено валидно за неколку недели или месеци кога наједноставна постапка би направила таква инсталација во посебно определен центар за ковид-19. Не смееше да се дозволи најстручната медицинска установа во државата, неретко и ***единствена стручна***, да биде во допир со заразата и претворена во ковид центар, оставајќи ги сите други пациенти со сериозни и животозагрозувачки дијагнози на чекање (кое за многумина значи смрт).

***Најстрашното допрва доаѓа***. Ова е антиципацијата на сите што се вклучени во здравствениот сектор. Министерот за здравство, Филипче на 15 септември, денот на борбата против лимфом (канцер на лимфата) изјави „Од почетокот на пандемијата, забележано е

континуирано опаѓање на бројот на ***новодијагностицирани*** пациенти со лимфом, што за жал се должи на ненавременото посетување на матичните лекари, со што се пролонгира раното дијагностицирање кое е од огромна важност кај малигните заболувања.“

Прво во оваа изјава се открива дека малигните заболувања, а и сите останати, не се откриваат навремено т.е. се пролонгира откривањето, што понатаму доведува до полоши прогнози, имплицитно до поголеми трошоци за фондот и со трагични последици за пациентите. Второ, јасно се укажува на фактот за непосетување на матичните лекари. Трето, се заборава да се каже дека матичните лекари не можат да закажат преглед односно дека прегледите се откажуваат. Четврто, министерот се фали дека отворил електронска амбуланта (а заборави да каже дека е единствена во Скопје на Клиниката за хематологија) „За таа цел, Клиниката за хематологија во Скопје, отвори електронската амбуланта, со која се поедноставува комуникацијата помеѓу матичните лекари и хематолозите“ и експлицитно изјавува дека лечењето е со воспоставување на директна врска со скопската клиника. Како ќе се администрира терапијата по интернет, останува да се почудиме. Инаку и во Мој термин можеше да се закажува во оваа клиника. Она што е јасно е дека ова не е ниту трајно решение, ниту општо решение, но е изнудено откако се увиде стравичната состојба за која алармираа лекарите, а тоа е дека здравствениот систем не смее да се претвори единствено во сервис на лекување на заболените од ковид 19.

## Крупниот бизнис профитираше од кризата

За време на пандемијата, кога многу работници ги изгубија своите работни места, на многу други им беа кршени работничките права или беа принудени да работат изложени на зголемен ризик од зараза, а јавниот долг експлодираше, крупниот бизнис воопшто не беше афектиран од ситуацијата. Напротив, во банкарскиот сектор, секторот за продажба на големо, кај веледрогериите и особено кај приватните болници - бевме сведоци на искористување на пандемијата со цел остварување на огромни профити. Ваквото воено профитерство беше целосно дозволено од државата. Дури и во ситуација кога Владата воведе кризна состојба со цел ефикасна борба со пандемијата, интересите на крупниот бизнис не беа доведени во прашање. Иако ги имаше на располагање сите средства за да го спречи военото профитерство преку преземање на управувањето со болниците или строга регулација на цените и сл. Владата одлучи дека такво нешто е непотребно во дадената состојба и ги остави самите да ги креираат цените согласно логиката на “слободниот” пазар и побарувачката.

## Пожарот на 8 септември не е случаен

На „денот на независноста“ се запали модуларната болница во Тетово и при оваа несреќа загинаа 14 лица, 12 беа повредени, а поради нејасна причина најбрзо се повика екипа од ***германската федерална полиција за форензичка анализа***. Ова имплицира дека македонските форензичари при Министерството за внатрешни работи не можат да бидат објективни или во нивната експертиза се сомневаат граѓаните или дури и самата Влада. Истрагата на местото на злосторот е должност на од нас платените стручњаци кои се едуцирани во нашиот систем. Овој акт на недоверба претставува перење на рацете и признавање на сопствената неспособност на државната власт. Ова го разбираме само како глума пред јавноста за наводната посветеност да се разреши случајот.

Дополнително вклучени се 5 обвинители задолжени за расчистување на случајот.

Иако се во право и Хелсиншки комитет кога потврдуваат дека „оваа огромна загуба оправдано ја зголемува недовербата на граѓаните во институциите на системот и затоа истрагата да се одвива професионално и транспарентно“, сепак и тие ја репродуцираат владината теза дека „странските експерти ќе придонесат за кредибилност на истрагата и нејзините резултати“, а со тоа заговараат дека кредибилноста е под знак прашање доколку

нашите професионалци истражители се вклучени. А што е со бездруго сите останати истраги, сите други обвинителни акти? Овој поданички менталитет е како позитивна повратна врска и тоа е една сериозна дегенеративна состојба на општеството во која колонијалниот менталитет нема да помогне туку само ќе одмогне за секој друг случај, наместо соочување со реалноста и вистинско решавање на проблемите се повикува на месијанство од надвор.

Иронијата што се покажа преку оваа трагедија, е токму на денот на прославата на наводната независност и самостојност, државата во целост го изрази колонијалниот менталитет, кој тлее помалку или повеќе освестено. Токму тоа е владејачката идеја на нашата владејачка класа - ***компрадори и лешинари***, слуги на германскиот империјализам.

Во меѓувреме, одговорните информираа дека модуларните болници се изградени по сите стандарди и правила. Тогаш според стандардите може објект да изгори за 3 минути, без инсталирани детектори за пожар, ниту соодветен систем за довод на кислород. Просто е неверојатно да веруваме дека постоела противпожарна апаратура во вид на прскалки или боци со пена. Според изјавата на очевидец, на кој братот и таткото му настрадале, тој и присутните „не успеале да најдат ниту (еден) противпожарни апарат во модуларната болница". Ожалостениот сведок Ибим продолжува:

„Баравме апарати за да го изгаснеме пожарот, но немаше ниту еден, ниту пак систем за гаснење пожари".

„Пожарот започна од собата број 3, се прошири во собата број 2, и после во собата број 1. Немавме можност ништо да направиме. За малку ќе останев и самиот внатре."

Модуларната болница тој ја опишува како „***пластична барака со стиропор***" низ која пожарот се ширел многу брзо.

„Со мои очи видов сѐ, вели Ибим. „Сите пациенти што беа внатре ги видов со свои очи како вриштат. ***Тие што велат дека имало противпожарен систем - лажат***", вели Ибим.

Инаку изјавата ја дава човек кој во недостаток на кадар морал да им помага на инфицираните од ковид 19, брат и татко. Секако дека не бил единствен и секако ова не е спорадична практика туку ***нормалност***. Дека со ова се прекршуваат и најосновните протоколи за спречување на ширење на зараза, како ковид 19, е тривијално, болниците и целиот здравствен систем демонстрираат на најјасен начин како одат против своите принципи. Одговорни за оваа состојба секако се менаџерите и директорите, но и носителите на здравствениот систем кој не се справува професионално со заразата.

Понудената оставка од „морални причини" на министерот Венко Филипче во попладневните часови два дена по пожарот е задоцнета и сосема банална работа од аспект дека во ***изминатиот период има многу повеќе крв на своите раце***, секако морално. Реакцијата на Зоран Заев дека ќе одлучи дали да ја прифати оставката откако експертизата ќе заврши е пародија - дали премиерот очекува ***експертизата да понуди етичка димензија на горењето и да пресуди за моралниот интегритет на Филипче***!

Но сосема отапевме на уште една нормализација на недоветноста кај кормилото на политичката елита. Уште еден феномен во мозаикот на полтронска свест на елитата, е прогласување на Филипче за жртва. Експресно директорите на јавните здравствени установи дадоа поддршка, изразија вреднување како за најдобар министер и побараа да се врати на чело на МЗ. Она што треба да го забележиме е индолентниот однос на власта и нејзините послушници кон обичниот народ и неговата разочараност, недоверба и омраза. Тоа е знак дека владејачката елита смета дека не владее по волјата на обичниот народ и демократијата (во буржоаската смисла) ја смета за апарат за негово манипулирање. Се разбира, и ние сметаме дека буржоаската демократија е апарат за манипулирање т.е. за угнетување на мнозинството работници и селани, но ние бараме реална демократија, со право на сменливост на избраните делегати во било кое време и без никакви финансиски привилегии.




**Самостојниот синдикат на вработените во Клиничкиот центар, извор: sdk.mk**

### Новиот клинички центар и/или продолжување на експанзијата на приватното здравство

И, додека се чека „***датум за датум за отпочнување***“ за можниот Универзитетски Клинички центар некаде во Бардовци, Сарај или некоја друга мистична локација, заглавен во правните лавиринти на Собранието и под изговор дека е опструиран од опозицијата во малцинство, отпочна да се гради нов објект на Систина Аџибадем во непосредна близина на Градската болница 8 Септември, општопознатата по оригиналното име Воена болница.

Наместо планот оваа градска болница, проектирана и изградена по највисоки стандарди, да стане клиничка болница, властите, и минатите и сегашниве, му помагаат со цело срце на приватниот сектор што се занимава со продажба на здравствени услуги. Тие успеваат во притисокот врз кадарот на Воената болница за нивно прелетување во приватниот сектор, затворајќи одделение по одделение на јавната болница. Така имаме состојба каде изградениот најсовремен апарат за лекување на малигни заболувања фаќа прашина, додека нашите луѓе собираат финансиски средства за лекување во Турција или Словенија. Тенденциозна и јасна е саботажата на Воена болница и нејзина деградација во „селска амбуланта“.

Решението за корупцијата во здравството, земањето мито од страна на работниците во јавниот сектор, многумина ја најдоа со легализираната форма во приватно управуваните болници. Така, на пример, таму наместо мито од 5 илјади евра, побогатите можат да платат по 20 илјади за интервенцијата. И веројатно ќе имаат помирна совест дека не придонеле во корупцијата. Но напротив, ова е само миење на рацето. Поголемиот дел од болните немаат пари за скапи операции (ниту со легалната, ниту со нелегалната корупција) дури и со „пакети и кредити“ за лечење по болниците на профитерите. Не само што не е решение легализацијата на корупцијата туку е отворање на спирала во општеството на зајакнување на корупцијата.

Како би можел системот да се снајде во оваа дефектна состојба? Едно решение е универзална цена на интервенции - и тоа за сите интервенции а не само за мал сегмент. Само со масовна и одлучна акција на здравствените работници, со рушење на профитно-ориентираното здравство и солидарност со останатите работници можеме да го смениме ***курсот од варварството кон кое се движиме***.



Градската болница 8 Септември, општопозната по оригиналното име Воена болница

**Како понатаму?**

Нема ништо од унапредување на здравјето доколку не се вложува во кадарот и опремата во државниот сектор. Но, тоа не значи само набавка на опрема со најевтината тендерска понуда, напротив, тоа значи планско и свесно развивање на здравствената заштита, развивање на превентивна медицина и постојано осовременување и држење на чекор со времето.

Сметаме дека вистинска алтернатива на стихијата во здравството (и општеството во целина) постои и се вика ***социјалистичка програма***. Таа значи национализација на приватните болници, со интеграција на примарната, секундарната и терцијалната заштита со државна веледрогерија во единствен Републички здравствен систем, со достоинствено вреднување на здравствените работници и со нивно целосно учество во управувањето на здравствениот систем преку работнички менаџерски совети. Со други зборови, систем каде профитот не игра никаква улога пред здравјето на човекот.

**ЗАТОА ШТО БИЗНИСМЕНИТЕ НЕМААТ ПРАВО ДА ОДЛУЧУВААТ ЗА НАШЕТО ЗДРАВЈЕ! КАПИТАЛИЗМОТ ПОДАЛЕКУ ОД ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ!**

*октомври 2021,*
*Александар Атевиќ и Петар Чуриќ*

## СЛОВЕНИЈА: НА ДНЕВЕН РЕД Е ЗАОСТРУВАЊЕ НА КЛАСНАТА БОРБА

Во петокот, 28 мај, четириесет илјади луѓе се собраа на плоштадот на Прешерн во Љубљана за да протестираат против реакционерната политика на Јанез Јанша. На некој начин, тој протест беше кулминација на општественото движење што започна уште пред Јанша да спроведува мерки на штедење во Словенија. Во протестната манифестација учествуваа синдикати, граѓански, студентски и академски организации, како и партијата „Левица“. По форма, тие беа граѓански протести што избија по неспособноста на владата на Јанша да се справуви со епидемијата на коронавирусот, но и мерките преземени од неговата влада против работничката класа, како што се обидот за приватизација на водоснабдувањето, намалување на социјалните програми и ограничување на правата на странски државјани.

Судејќи според она што можеше да се види на лице место, демонстрантите доаѓаа од различни политички струи. Собраната маса во никој случај не беше класна хомогена, но слободно можеме да кажеме дека движењето го одразува засилувањето на класната борба во Словенија, што се гледаше во бројот на собрани луѓе и барањата за подобрување на положбата на студентите и работниците, иако тоа не беа јасно формулираникласни барања, испреплетени со барања за нови избори и владеење на правото.

Овие протести се показател за промените во општествените околности и класната борба во Словенија. Ова се процеси коишто главно се случуваат под површината на општеството, условени од економската криза што се интензивираше со пандемијата и неможноста владејачката класа да се справи со неа. Притисокот одоздола веќе даде резултати. Работничката класа на Словенија извојува една мала победа со тоа што ја принуди владата да се откаже од намерата да го приватизира водоснабдувањето и да закаже референдум за




извор: zurnal24.si

ова прашање за 11 -ти јули.

Засилувањето на класната борба се виде и на начинот на кој беше прифатена „Левица" на протестот. Кога партијата се појави со знамиња и организирано маршираше, демонстрантите ја поздравија со аплауз. Ова ни кажува дека климата во Словенија повторно се менува по подемот на десницата на последните избори. Очигледно, присутните демонстранти ја препознаа „Левица" како истакнат противник на Јанез Јанша и потенцијална парламентарна сила што може да го сврти општеството во друга насока.

Клучната разлика помеѓу овој протест и другите општествени движења што ги видовме претходните години во поранешна Југославија е присуството на синдикатите и нивната поврзаност со студентските и левичарските организации. Присуството на организираната работничка класа ги прави овие протести поразвиена форма на изразување на класната борба, иако уште се одржува во рамките на граѓанските протести. На протестите, Јанез Јанша беше претставен не само како производ на корупција и неспособност на претходната влада, туку како што рекоа говорниците на митингот во Љубљана, како „симбол на целата политика во изминатите триесетина години".

**Референдумот за вода и Јанез Јанша**

„Референдумот за вода за пиење" одржан на 11 јули покажа дека процесите на политичка радикализација се обновени во словенечкото општество под површината. Иако излезноста беше само 45,99%, 86,58% (674,114 гласачи) гласаа против законот, додека 13,42% гласаа за. Ова ни кажува дека класната борба се манифестира на теми што претставуваат важно прашање за работничката класа во Словенија. Од друга страна, резултатот од референдумот ни ја покажува и нестабилноста на владата на Јанез Јанша и фактот дека неговото владеење не ужива масовна поддршка, односно дека тоа е само манифестација на општа политичка нестабилност во Словенија. Исходот од референдумот претставува сериозна победа за работничката класа затоа што ја принуди владата да го запре процесот на приватизација на водата во време кога се засили политичката криза во Словенија.

Овие бројки, исто така, укажуваат на голема несовпаѓање во словенечкото општество. Владејачката политика и нејзината ревносна поддршка јасно ни покажуваат дека Јанша е феномен кој е во многу послаба позиција од Орбан или некогаш Трамп, политичар со кој често се споредуваат. За разлика од Орбан или Трамп, Јанша не ужива значителна поддршка во словенечкото општество. Тој не дојде на власт преку освојување мнозинство на изборите, туку ја зграпчи премиерската фотелја преку бирократски пресметки и преговори поради неможноста да се формира јасна мнозинска влада по изборите. Иако Трамп беше фигура против која американската владејачка класа на крајот се спротистави, Јанша е некој на кој словенечката владејачка класа традиционално се потпира за да ја стабилизира политичката криза која лесно може да се сврти против неа. Јанша е докажана фигура од процесот на обновување на капитализмот во Словенија, но и во поранешна Југославија. Тој е транзициски политичар кој целосно ја исполни задачата и владејачката класа го признава како верен сојузник.

Функцијата на Јанша во словенечкото општество и неговата позиција како некој на кој владејачката класа може да смета може да се види и во неговиот однос кон „Левица". Во јавниот дискурс на Јанша, „Левица" е претставена како најголема опасност за словенечкото општество, и покрај релативно малото влијание во парламентот. Овие обиди да се направи „Левица" Баба Рога во медиумите се секако обидот на Јанша да го мобилизира најконзервативниот дел од општеството преку антикомунистичка идеологија, но тие исто така го одразуваат односот на владејачката класа кон она што тие го препознаваат како опасност за нивното владеење. Интересно е што една од првите политички иницијативи што Јанша ја започна во Работната група за тероризам на Советот на ЕУ за време на словенечкото претседателство со Европската унија беше барањето за де факто криминализација на левичарските организации. На 7 јули, Советот на ЕУ расправаше за проблемите на наводна




паралелна радикализација на левицата и десницата и потребата за европска акција против „левичарско и анархистичко насилство и тероризам“, што ги поставува темелите за пошироко дејствување против левичарските организации.

Ова ни кажува една важна работа. Јанша својот најголем противник го гледа во левичарските организации и сака да се справи со нив на кој било начин. Ова не значи дека левичарските организации станаа закана за капитализмот во Словенија туку дека владејачката класа го признава развојот на ситуацијата и сака да создаде механизми и правна рамка што ќе се спротивстави на понатамошна радикализација на работничката класа во иднина. Ова не е мала и безначајна работа. Таа ни кажува дека развојот на класната борба во Словенија станува се посилен и дека владејачката класа ги подготвува своите „барикади“.

Ако земеме предвид дека резултатите од референдумот покажаа дека само 13,42% од населението му дава безрезервна поддршка на Јанша, ова нужно го поставува прашањето кој би можел да формира влада на следните избори, бидејќи е сосема јасно дека Јанша нема да има доволно гласови за да се наметне како кандидат за премиер. Но, прашањето за политичките перспективи за марксистите не е ограничено само на формална парламентарна демократија. Во дадени услови на нестабилност и криза на капиталистичкиот поредок, како и развој на класната борба, се поставува и прашањето за водството на работничката класа.

## Можност за Левица?

Парадоксално, обидувајќи се да ги мобилизира своите најлојални гласачи преку вревата за заканата од марксизмот, Јанез Јанша само придонесува за зголемената популарност на „Левица“ и нејзината важност во очите на работниците и младите. Ако „Левица“ е главниот непријател на Јанша, тогаш таму мора да има нешто добро “. Така почнува да размислува еден слој од најборбените поединци во Словенија. Така „Левица“ влегува во фаза на тестирање од

страна на работничката класа. Условите што се развиваат во Словенија неизбежно ќе ја доведат „Левица“ на крстопат. Таа ќе мора да го избере својот пат. Или ќе се стави во служба на класната борба и ќе се отвори за движења одоздола, или ќе клекне пред крупниот капитал, продолжувајќи да ја сведува политиката на парламентарни пресметки.

Колку „Левица“ ќе може да стане претставник на експлоатираните слоеви зависи од тоа како ќе се претстави пред работничката класа и со каква програма. Клучната задача што мора да ја изврши е да ги интегрира работничкото движење и работничката класа, да стане организација на работничката класа преку поврзување со синдикатите и најмилитантните работници. Ако „Левица“ не се сврти целосно кон работничката класа и не ја стави на дневен ред перспективата на работничката влада, односно, ако продолжи да се занимава само со прост парламентаризам и чисто реформистички барања, што ќе биде тешко да се наметнат врз владејачката класа среде криза на капитализмот, неаја чека судбината на грчката СИРИЗА. „Левица“ нема друг избор освен силно да се сврти кон работничката класа и да ја интегрира преку демократските механизми на партиската демократија. Нејзиниот понатамошен развој и улога во претстојните настани зависи од тоа дали ќе успее да ја изврши оваа задача.

Словенија е во длабока политичка криза долги години, со периодични мобилизации на работничката класа и младите на улица. По се што се случи со последното владеење на Јанша и отворената офанзива на владејачката класа против општествениот стандард на мнозинството, оваа земја влегува во нова рунда на засилување на класната борба. Во Словенија, политичките процеси и кризи се манифестираат по многу појасни класни линии отколку во останатите земји од поранешна Југославија. Од искуство знаеме дека промената на класната борба во една земја на Балканот може да има големо влијание врз целиот регион. Самата партија „Левица“ беше формирана во контекст на општата криза на регионалниот капитализам во 2008 година.

Префрлањето на товарот на кризата врз грбот на грчката работничка класа ја донесе




**извор: zurnal24.si**



Сириза на власт, чија изборна победа тогаш ги инспирираше актерите од левицата во голем број земји, вклучувајќи ја и Словенија. Токму процесите во Грција беа главната инспирација за основање на Иницијативата за демократски социјализам (една од основачките групи на денешната „Левица“). Засилувањето на класната борба во Грција го зафати целиот Балкан, и долго време бевме сведоци на радикализација на младите и работничката класа во регионот, како и свртување на општата политичка клима кон лево. Знаеме дека повеќето политички кризи на Балканот се уште не се решени. Ситуацијата во Грција по поразот од СИРИЗА е многу нестабилна. Во Македонија и Босна, по катастрофалното управување со пандемијата од страна на локалните власти, гневот кај населението тлее. Во Србија, која се уште навидум најдобро се справи со пандемијата, автократската влада на Александар Вучиќ одвреме навреме се соочува со улични протести. Во Косово, незадоволството кај народот беше изразено преку изборната победа на Ветевендосје сопрограмата за социјални реформи.

Затоа, развојот на настаните во Словенија е од клучно значење за југословенските комунисти. Конфликтот помеѓу словенечката работничка класа и реакционерната влада на Јанез Јанша сугерира настани што ќе следат во сите околни земји. Без оглед на нивниот формален израз, слободно можеме да констатираме дека ескалацијата на класната борба на Балканот е повторно на дневен ред. Како резултат на поразот на работничката класа на крајот на 1980-тите и распадот на СФРЈ, во изминатите три децении се навикнавме на фактот дека немаме развиено масовно работничко движење во нашите земји. Но, по глобалната криза на капитализмот во 2008 година и пандемијата на вирусот корона, се создадоа сосема различни околности. Како што досега разгледувавме, случувањата неизбежно ќе ја доведат работничката класа на политичката сцена во нашите земји. Нашата анализа ни овозможи да ги видиме овие процеси во самите почетоци како неопходност од социјални противречности во капитализмот. Истиот овој метод ни помага да ги видиме под површината на настаните, подлабоко од формалната парламентарна политика и да видиме дека созреале условите за развој на работничкото движење во Словенија на многу повисоко организациско ниво.

Дали „Левица“ ќе успее да се поврзе со работничката класа и да создаде ново работничко движење преку тој процес, зависи од голем број објективни и субјективни фактори, но важно е да се напомене дека и се дава историска можност за такво нешто. Едно е сигурно, класната борба во Словенија ќе се разгори уште некое време и ќе обезбеди потенцијал за историски пробив. Ве покануваме да им се придружите на „Црвени“ со цел максимално искористување на овој потенцијал и создавање нова марксистичка сила во Словенија.

*август, 2021*

*Никола Славевски*

*Текстот е изворно објавен во 22 број на „Црвена критика“.*
*https://crvenakritika.org/stampano-izdanje*

# АВГАНИСТАН: ИМПЕРИЈАЛИСТИТЕ РОНАТ КРОКОДИЛСКИ СОЛЗИДОДЕКА БЕГАЛЦИТЕ СТРАДААТ

*Со хаотичното повлекување на американските трупи од Авганистан на почетокот на месецот (август), илјадници Авганистанци сега бараат начин како да побегнат од земјата. Соочени со невидена хуманитарна криза, која е создадена од нив самите, политичарите во САД и Европа ронат крокодилски солзи поради тешкотиите со кои се соочени бегалците, додека, едновремено, ги напуштаат во нивното страдање.*

Масовното раселување на луѓето во Авганистан не започна со повлекувањето на САД. Во моментов има околу 3,5 милиони внатрешно раселени лица во Авганистан и уште 2,5 милиони кои се бегалци во други земји, како последица од американската окупација. Ескалацијата на конфликтот, само оваа година, остави половина милион Авганистанци без покрив над глава. Меѓутоа, поради зголеменатанестабилност која што ќе ја зафати земјата, овие бројки драстично ќе се зголемат.

Војувањето е само една од маките што ги принудува Авганистанците да ги напуштат своите домови. Во моментов, земјата се соочува со драстична суша, загрозувајќи ги животите на повеќе од 3 милиони луѓе и оставајќи 14 милиони во глад;Голема економска криза додека капиталот бега воочи талибанското преземање; како и акутните ефекти на глобалната КОВИД-19 пандемија, кога огромното мнозинство од населението е во комплетна неможност да дојде до дози од вакцините. Заробени меѓу војната, климатските промени, гладта и болестите, сиромашните во Авганистан се соочуваат со незамисливи страдања, коишто само ќе се вложуваат во наредниот период, што ги принудува милиони да бараат засолниште надвор од границите.

Огромното мнозинство од 2,5-те милиони кои веќе избегаа во странство, се наоѓаат во Иран и Пакистан (повеќе од 2 милиони). Сепак, владејачката класа на богатите, империјалистички земји -истите оние кои го окупираа Авганистан – изгледа немаат што да понудат освен мисли и молитви. Онаму, пак, каде што и ќе фрлат неколку троши на бегалците, очекуваат да бидат воспевани до небесата за нивната великодушност.

На пример, во Британија, премиерот Борис Џонсон им вети на авганистанските бегалци "договор по мерка", којшто ќе биде "еден од најдарежливите во историјата на нашата земја". Шемата на Џонсон ќе овозможи 5000 авганистански бегалци да пристигнат во Британија оваа година . Ако волкавата дарежливост, на една од силите што го бомбардираше Авганистан до парампарче, е недоволна, Џонсон вети дека ќе прифати дополнителни 15000... во следните пет години. Се разбира, секој потенцијален бегалец најпрво ќе мора да живее толку долго под талибанскиот терор. Ова не е ништо повеќе од празен гест. Тоа е капка во океанот, споредбено со 6-те милиони, и повеќе, кои веќе се раселени од своите домови поради истите овие странски империјалисти. Но, доколку сакаме вистинска мерка на Џонсовата "дарежливост", вреди да се забележи дека токму 15000 е бројот на авганистански бегалци којшто Велика Британија ги има депортирано назад во завојуваната земја од 2008 година.

Каков ќе биде приемот на неколкуте среќници на кои ќе им биде дозволен влезот во тврдината Британија? Ќе се мачат околу изнаоѓање на сместување , без помош од државата. Ќе бидат принудени да живеат во осиромашени области, со сериозен недостаток на живеалишта и опасни услови за живеење. Проблемите со вдомувањето на бегалците во некои случаи се "решаваат" така што ги сместуваат во воените касарни; со




катастрофални последици по нивното физичко и ментално здравје, како што беше неодамнешното избивање на зараза од коронавирусот во еден таков објект, во Кент , каде повеќе од 200 бегалци беа позитивни на вирусот.

Тие ќе бидат принудени да издржат храна непогодна за консумација, разурнати тавани, несигурни живеалишта, хотелски соби исполнети со лебарки и многу повеќе покрај ова. Што се однесува до оние кои не се подготвени да чекаат пет години за да бидат преселени и кои, наместо тоа, илегално пристигнуваат во Британија, министерката за внатрешни работи, Прити Пател, минатиот месец предложи дека би требало да добијат по четиригодишни казни затвор. Ова е легендарната "дарежливост" на британската владејачка класа, која се однесува кон жртвите од сопствените империјалистички злодела малку подобро одошто со животните.

Додека ториевските политичари приредуваат претставаза своите измислени "хуманитарни"креденции, ториевските медиуми го искористија новиот бран на бегалци да сејат страв, поделби и ксенофобија низ општеството. Во Британија, десничарскиот Дејли Мејл (Daily Mail) тврдеше дека беглците ќе бидат сместени во одморалиштата на море и дека плановите за одмор на британските семејства биваат загрозени од хотели исполнети со мигранти. Ниту во Европа не е поразлична состојбата. Во последните неколку дена, лидерите на ЕУ настојуваа да си ги одржат сопствените интереси во нивната битка за остварување на предност на изборните анкети, демагошки поигрувајќи се со иднината на бегалците. Минатата недела, австрискиот министер за внатрешни работи, Карл Нехамер, изјави дека земјата ќе продолжи со депортирање на луѓе назад во Авганистан "што е можно подолго" , додека, канцеларот Себастијан Курц нагласи дека Австрија нема да прими ниту еден авганистански бегалец во идниот период.

Слични погледи беа изразени од кандидатот за канцелар на германскатаЦДУ, Армин Лашет,којшто, како одговор на падот на Кабул, напиша на твитер дека „2015-та не смее да се повтори". Ова е референца на

бегалската криза предизвикана од сириската граѓанска војна, уште една хуманитарна катастрофа предизвикана од империјалистичкото мешање, којашто беше цинично искористена од десничарските политичари и партии ширум Европа за распламтување на ксенофобни чувства. Со оглед на тоа што Германија ќе треба да ја избере својата следна влада во септември, Лашет и десничарската ЦДУ несомнено се желни да им угодат на поддржувачите на реакционерната Алтернатива за Германија (AfD) , којашто во годините по 2015 порасна преку експлоатација на анти-бегалските чувства.

Во меѓувреме, реакционерниот весник „Билд" ја нападна владата на Меркел поради тоа што не успеала да ја истакне важноста на „германските вредности" на бегалците, и тврдејќи дека империјалистичката интервенција во Авганистан „пристигна предоцна а замина прерано".

Истовремено, грчката влада започна со проширување на својата 40 километарска ограда на границата со Турција во очекување на новиот бегалски бран. Гласноговорникот на грчката влада вети дека „сериозно ќе ја земат во обсир секоја можна ескалација на имиграционото и бегалското прашање" и ја повика ЕУ да ги поддржи новите анти-имигрантски мерки.

Дури и наводно „умерените" либерали на европската политика ја прифатија реакционерната и анти-бегалска реторика во однос на американското повлекување од Авганистан. Францускиот претседател Емануел Макрон, во говор минатата недела, изјави пред јавноста дека Европа мора да се „заштити себеси од позначајни бранови на илегални мигранти" и зборуваше за опасноста од „нелегалната миграција" која може да произлезе од талибанското преземање на Авганистан, додавајќи дека Франција ќе ги прими само оние бегалци коиштоги „споделуваат нашите вредности" . Отворената употреба на крајно-десничарската реторика од страна на Макрон, многумина ја увидоа за она што таа и е – обид да им се доближи на поддржувачите на френетично реакционерниот Национален Сојуз(поранешниот Национален Фронт), во очи претседателските избори на Франција следната година. Корисниците на социјалните мрежи го исмеваа Макрон нарекувајќи го „Емануел Ле Пен", по лидерката на Националниот Сојуз – Марин Ле Пен, којашто, исто така, ширеше страв од „зголемената опасност од напади" и „новите бранови на имиграција" од Авганистан во периодот што надоаѓа.

Малкумина можат да достигнаттаков степен на лицемерие, како што можевме да видиме одимперијалистичката сила која сноси најголема одговорност за ужасната положба на авганистанскиот народ, имено САД. И покрај ветувањето на Џо Бајден дека „сите неопходни ресурси" ќе бидат мобилизирани за да им се помогне на барателите на азил и бегалците, Белата куќа навести дека само околу 50000 Авганистанци ќе бидат пуштени во земјата, а само на оние коишто претходно биле вработени од армијата на САД ќе им биде дозволено да аплицираат. Па сепак, се проценува дека околу 300000 луѓе работеле со американската окупација на еден или друг начин. Сега, откако биле искористени од американските окупатори, повеќето од нив се оставени на речиси сигурна смрт. Во оваа цифра не се вброени илјадници други кои немаа никаква врска со окупаторските сили, но кои сега се изложени на опасност од одмазда од страна на Талибаните поради нивниот активизам, верски убедувања итн.

Американската влада ќе ги постави сите можни препреки за да го спречи пристигнувањето на бегалците. Оние кои сакаат да одат во САД мора да добијат „Посебна имигрантска виза" (SIV) пред да влезат во земјата, што изискува детален процес на проверка. Овој процес, за кој во моментов има„многу недоречености" , меѓу другото барадоказ за вработувањем доказ за националност и писмена препорака. За некои ова ќе биде невозможно, откако американскиот конзуларен персонал изгоре многу такви документи во брзањето да се ослободи од чувствителни документи пред евакуацијата на амбасадата на САД. Дополнително, за бегалците коишто сакаат да отпатуваат во САД се бара „биометриска проверка" , што вклучува гласовни-отпечатоци, скенови на очи, отпечатоци на рацете и фотографии од лицето.

Сепак, според „Меѓународниот проект за

помош на бегалците" , овој процес на проверка е „полн со административни грешки", што значи дека многу од бегалците се „заглавени во SIV процесот со години и години". Ова значи дека Авганистанците кои се надеваат дека ќе влезат во САД или ќе бидат заробени во Авганистан, или ќе бидат интернирани во воени бази во догледна иднина, се додека не е обработи нивната документација. Десетици илјади авганистански бегалци ќе бидат оставени во опасна и неподнослива неизвесност од страна на САД, а се поради „злосторството" што се на листа на чекање.

На широко циркулираат видео записи кои покажуваат како очајни толпи, илјадници бегалци, пред аеродромот во Кабул биваат насилно растерувани од американските војници, пукајќи во воздух и користејќи солзавец за да ги одвратат луѓето. Дури и пред ужасот од бомбашкиот терористички напад на кабулскиот аеродром, кој усмрти 90 луѓе , десетици цивили загинаа згмечени во толпата или од истрелите, а многу други беа сериозно повредени додека се обидуваа да пристапат до аеродромот и до безбедност, додека американските војници се обидуваа да ги спречат и задржат надвор со сите можни средства. Особено вознемирувачки се видеата од полетувањето на американските авиони, додека очајни цивили се држат закачени на страните од авионот, паѓајќи во смрт во потрагата за безбедност.

Па сепак, за некои, кризата што се случува во Кабул е одлична шанса да остварат дополнителен профит од страна. Компанијата за „приватно обезбедување" (читај: „платеници"), Blackwater, која на големо профитираше од американските империјалистички авантури во Авганистан и Ирак, сега наводно продава билети за чартер летови од Кабул во висина од 6500 американски долари по човек.

Ако американскиот империјализам не преземалдејствија за ублажување на страдањето на авганистанските бегалци, тогаш,тиеможеби ќе се задоволат од напливот на зборови на симпатија. Архитектот на инвазијата на Авганистан, Џорџ Буш, ја изрази својата „длабока тага" за бегалците кои бегаат од некогаш финансираните од САД – талибански



извор: Gémes Sándor, SzomSzed

сили и од војната која тој самиот ја започна. Во меѓувреме, Тони Блер, сериозно се вознемири од потребата „да се евакуираат и да им се даде засолниште на оние за кои имаме одговорност". Навистина, не постои подобра дефиниција за „***крокодилски солзи***".

Додека владејачката класа низ светот нагласува дека во срцето го има најдобриот интерес за Авганистан и поетичнобеседи за маките на бегалците, авганистанскиот народ нема да добие ништо од овие империјалисти гладни за профит. Џонсоновата „дарежливост", Макроновата „должност и достоинство" , „спасувачката мисија" на Ангела Меркел , Бајденовото „скршено срце" – овие зборови се навреда за милиони авганистански бегалци чиишто животи се уништени.

Во капитализмот, бегалците се економска незгода, жртвено јагне за владејачката класа, жетон за поткусурување во нивните политички игри и средство за собирање на гласови за десничарските, про-империјалистички партии коишто ја распалуваат и насочуваат омразата кон самите жртви на империјализмот. Не можеме да очекуваме вистинска, автентична поддршка за авганистанските бегалци од империјалистичките хушкачи коишто ги срозуваат животните и работните услови на работниците во нивните земји, додека истовремено, убиваат, осакатуваат и раселуваат илјадници и милиони во светот.

Сегашнава криза уште еднаш го изведе на виделина фактот дека на империјалистите ни најмалку не им е гајле за животот и добробитта на авганистанскиот народ. Бараме границите да бидат отворени за невините жртви на империјалистичките авантури. Но,на прво место, ова значи и рушење на истата владејачка класа што ги издигна овие граници. Мажи, жени и деца бегаат од Авганистан и бараат почивка на друго место поради постапките на нашата владејачка класа. Нивниот класен непријател е нашиот класен непријател. Интернационална должност на работниците во империјалистичките земји кон нивните, по класа, браќа и сестри од Авганистан, е да се борат и да ја урнат сопствената владејачка класа и да создадат социјалистичко општество без империјализам, граници или војни.

*август, 2021*

*Оливер Брадртон*

*Текстот е изворно објавен на „Бо одбрана на марксизмот"*
*https://www.marxist.com/afghanistan-imperialists-cry-crocodile-tears-as-refugees-suffer.htm*




**извор: US Marine Corps, Sgt. Samuel Ruiz**




## ПРИКЛУЧИ СЕ!

Марксистичката организација „Црвени“ е југословенска организација на работници и студенти собрани околу идеите за марксизмот. Нашата цел е да изградиме работничка партија, со комунистичка агенда за воспоставување власт на работничката класа, што го сочинува огромното мнозинство од населението на секое модерно општество. Црвените имаат два официјални билтени: списанието „Црвена критика“, на српско-хрватски, и веб-страницата „Нова искра“, на македонски. Во моментов имаме филијали во Босна и Херцеговина, Србија и Македонија.

Доколку сакаш да учествуваш во градењето на силите на марксизмот и работничката класа и сакаш да придонесеш за борбата на сопствената класа и изградбата на нов похуман свет, свет на еднакви луѓе, свет без експлоатација и угнетување, приклучи се на „Црвени“!

**Можеш да ни се приклучиш на било кој од следниве начини:**

Да не контактираш на некој од следните броеви:

**075/520-508**
**075/629-809**

На мејлот на „Црвени“:
**mo.crveni.mk@gmail.com**

На фејсбук страната на Нова Искра или на „Црвени“:

**@novaiskra.page**
**@m.o.crveni**

На контакт формата на вебсајтот:
**http://novaiskra.mk/**

*Капитализмот се покажа како антихуманистички систем, во кој сите слободи се жртвуваат на слободниот пазар и кој не познава други општествени интереси освен интересите на шака сопственици на крупниот капитал. Од секојдневниот живот е јасно дека во капитализмот на огромното мнозинство луѓе им следува само мизерија и робување на „работодавците“ заради обично преживување. Нема причина било кој работен човек да се согласи на такво нешто. Поинакво општество е можно и неопходно!*

**ЗА РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА – ПРОТИВ КАПИТАЛИЗМОТ!**

novaiskra.page novaiskra.mk

НОВА ИСКРА